Ana Ivanovska was born in Skopje in 1982. She finished her graduate and post-graduate studies at the Fine Arts Academy in Skopje under the supervision of Blagoja Manevski. She has taken part in numerous group exhibitions, and had her first solo exhibition in 2007. She is the recipient of the Award for New Media at the Yearly Salon of the Association of Macedonian Visual Artists for 2020.
The plague of two-thousand and twenty caused changes in Ana Ivanoska's art. While the main goal of her earlier pieces, like Let's Take a Ride on a Magic Carpet1 or Celebrating Infinity,2 was the transformation of the space where they were installed, the pieces from her new cycle Under The Skin, have a different primary idea. In them, she is exploring inner transformations. A novelty is also the appearance of photography in her work. Digitally manipulated photographs of her face and hands, but also of the scars on her body, are all placed at the very centre, in the marrow of her pieces.
The central, illuminated, circle of Symbiosis, has a depiction of her face. The other circles, placed around the central segment (again, as always, placed according to accurate geometric rules, mathematical formulae and alchemical algorithms),



have photographs of her skin (covered with clay) and of a tree bark. Most of the outer circles have zippers. Some of the zippers are open, others are closed or half-opened, symbolically revealing to the viewer that there is another, a hidden inner nature that lies under the bark and under the skin.
The global pandemic leaves traces in the everyday life and routine. But its presence can be felt and seen, not only in the guise of the limitations which are imposed, or in the physical or mental health of the people. The paraphernalia of the pandemic leaves a material trace in the shape of the discarded, already used, masks and gloves.
The repetition of a photograph of the mask (in Echo, much like rubber gloves in Rubber Time) forms an actual grid, behind which, the mouth is left Breathless. These limitations in the freedom and the commonplace fear of the contagion, can be felt in the breakup of the pictorial space, the visage of the artist in small circles, in See no Evil, Hear no Evil, Speak no Evil. There, the white gloves that cover the eyes, ears and the mouth, form an additional barrier in the interaction with the outside world and are visual manifestations of the fear from the spread of the virus and of the restricted freedoms.
It is clear that in these works Ivanovska places the focal point on her feelings, emotions and thoughts. All of which are directly caused by the pandemic and the quarantine inside the four walls of her home, which, like mirrors, now reflect the gaze of the artist (and symbolically, perhaps also of the viewer) toward herself.

It is precisely the gaze that most interests Irene Tamagnone. The eyes are the windows of the soul, but their expressive possibilities seem to have increased, or at least we seem to notice them more, due to the omnipresent mask's that cover people's faces.
Tamagnone, presents a series of portraits. But she portrays only the eyes of women that have been victims of violence. Women which are locked in their homes together with their aggressor. They, holding their breath and pain, are 'drowning' in misery. This is why, the technique which Tamagnone uses, watercolours, seems to correspond very well to the theme she is exploring. The dramatic qualities of the watercolours as a medium, much like the movement of the brush and the texture on the paper's surface (especially visible in the portraits where the artist, in the process of painting, adds different materials to the paper - primarily rock salt - in order to increase the texture and the subtle transposal of the colours) are immediately obvious to the viewer. Especially interesting are the pieces where Tamagnone breaks apart the structure of the portrayed subject to present the portrait in the form of a diptych or a triptych.
It must be pointed out that water, which dissolves the pigments in the actual art works, in a metaphysical way, adds to the depiction of the isolation of the subjects. The water – which breaks sound and light – represents the wall of lies that separates these women from the rest of the world. But as Tamagnone herself says: "… their emotions, their thoughts and their desires are immediately visible in their eyes… Only by looking at their eyes, we are presented with the opportunity to truly understand their pain. The portrayal of only the eyes has a double meaning. On one hand it forces the viewer to focus on the eyes of these women and to look at them directly, and on the other, it protects the privacy of those who wish to remain unrecognizable. In the end, the gallery of gazes forms a front where these women become allies".
Irene Tamagnone was born in Genova, Italy in 1986. After obtaining her PhD in bio-engineering, in 2015 she returned to her true love – art, and started taking classes the Arteincampo art school in Genova. She had the first one person show in 2019.







CreArt
Ноември 2020
Nëntor 2020

# АНА ИВАНОВСКА

# ANA IVANOVSKA

Co-funded by the Creative Europe Programme of the European Union

www.creart-eu.org



Ана Ивановска е родена во Скопје во 1982 година. Дипломските и постдипломските студии ги завршила на Ликовната академија во Скопје во класата на Влагоја Маневски. Излагала на бројни групни изложби, а првата самостојна изложба ја имала во 2007 година. Добитник на наградата за нови медиуми на Годишната изложба на ДЛУМ за 2020 година.
Чумата на две илјади дваесеттата година предизвикува промени во уметноста на Ана Ивановска. Додека основната цел на нејзините постари дела, како „Ајде да летаме со магичното килимче“1 или „Славејќи ја бесконечноста“,2 беше трансформацијата на просторот во кој што тие се наоѓаа, делата од новиот циклус, „Под кожата“, имаат друга идеа водилка. Во нив, таа ги истражува внатрешните трансформации. Новина е и појавата на фотографијата. Се работи за дигитално обработени фотографии од нејзиното лице и нејзините раце, но, и од лузните на телото, кои се ставени во самата сржта на делата.
Централниот, осветлен, круг од „Симбиоза“, има приказ од нејзиното лице. Другите кругови, поставени околу централниот сегмент (повторно, како и секогаш, поставени по точни геометриски правила, математички формули и алхемиски алгоритми), имаат фотографии од нејзината кожа (покриена со осушена глина) и од кора на дрво. Повеќе од надворешните кругови имаат патенти. Некои од тие патенти се отворени, други затворени, а трети полуотворени, симболично откривајќи што се наоѓа под корага и под кожата, а со тоа навестувајќи и откривајќи му на гледачот дека таму постои и една друга, сокриена, внатрешната природа.
Глобалната пандемија остава траг врз секојдневието на луѓето. Не се работи само за ограничувањата кои се наметнуваат, или за физичкото и психолошко здравје. Paraphernalia-та на пандемијата остава и материјален траг во облик на отфрлените, веќе искористени маски и ракавици.
Повторувањето на фотографијата на маската („Ехо“, исто како и на гумените ракавици во „Гумено време“) формира една вистинска решетка, позади која се наоѓа уста која останала „Без здив“. Тоа ограничување на слободата и на секојдневниот страв од заразата се осеќа и во разбивањето на призорот, ликот на уметницата на мали кругови, во See no Evil, Hear no Evil, Speak no Evil. Таму белите ракавици, кои ги покриваат очите, ушите и усните, прават една дополнителна бариера во општењето со светот и се визуелни манифестации на стравот од ширењето на вирусот и на намалената слобода.

Јасно е дека Ивановска во овие дела го става фокусот на своите чувства и емоции. А воедно и на мислите кои се директно предизвикани од пандемијата и од карантинот во четирите ѕида, кои, како огледала, сега го рефлектираат погледот на уметникот (а симболично, можеби и на гледачот) кон самиот себе.
Точно погледот е тоа што најмногу ја интересира Ирене Тамањоне. Очите се прозорецот кон душата, но, експресивните можности на погледот како да се зголемија, или само повеќе ги приметуваме, поради сеприсутните маски кои ги покриваат лицата на луѓето.
Тамањоне ни се претставува со серија на портрети. Тоа се очи и погледи на жени кои се жртви на насилство. Се работи за жени кои се затворени во своите домови заедно со агресорот. Тие, задржувајќи го здивот и болката во себе, се ‘дават’ во мака, па оттаму акварел техниката одговара на темата што Тамањоне ја обработува.
Експресивните можности на водените боици, на потезот и на текстурата (што посебно може да се примети на неколку од портретите каде уметницата при процесот на сликање на самата хартија додава разни други материјали – камена сол - со цел да се зголеми текстурата и суптилното прелевање на боите) се јасни за гледачот. Посебно интересни се двете дела каде што таа ја расчленува структурата на портретираниот субјект и тие портретите ни се прикажани во форма на диптих и триптих.
Меѓутоа мора да се истакне дека водата како основен медиум во кој се раствараат пигментите на нејзините дела, на еден метафизички начин допринесува кон доловувањето на изолацијата на портретираните субјекти. Таа, водата – која звукот, исто како и светлото, на псоебен начин ги прекршува и пренесува - го преставува ѕидот од лаги што ги одвојува тие жени од останатиот свет.
Но, како што самата Тамањоне вели: „... нивните емоции, нивните мисли и нивните желби остануваат јасно видливи во нивните очи... Само гледајќи ги овие жени во нивните очи, ние ја добиваме можноста вистински да ја разбереме нивната болка.
Потретирањето само на очите има двојно значење, од една страна го форсира гледачот да се фокусира на очите на овие жени и да ги гледа директно, а од друга страна ја заштитува приватноста на оние кои сакаат да останат непрепознатливи.
На крајот, галеријата на погледи оформува еден заеднички фронт во кој овие жени стануваат сојузници“.
Ирене Тамањоне е родена во Генова, Италија во 1986 година. По одбраната на докторатот од областа на био-инжињерство, во 2015 година таа се враќа кон својата прва љубов – уметноста, и ја посетува Arteincampo уметничката школа во Генова. Својата прва самостојна изложба ја имала во 2019 година.







# ИРЕНЕ ТАМАЊОНЕ
# IRENE TAMAGNONE


www.creart-eu.org
Co-funded by the Creative Europe Programme of the European Union


**CreArt**
Ноември 2020
Nëntor 2020